Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PROKURORIA PUBLIKE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-453/4
06. 07 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 10 од Правилникот за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), Јавниот обвинител на Република Северна Македонија донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Проценката на влијанието на заштитата на личните податоци (Во понатамошниот текст: проценката) се спроведува кога постои веројатност обработката да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, а особено кога се воведуваат нови технологии за обработка на личните податоци, според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и кога обработката е вклучена во Листата на видовите операции на обработка за кои се бара проценка на влијанието на заштита на личните податоци воспоставена од Агенцијата за заштита на личните податоци.

Проценката се спроведува пред да се започне со обработка на личните податоци и обезбедената техничка и интегрирана заштита на личните податоци, односно во фаза на планирање на операциите на обработка, како и кога некои од операциите на обработка се сè уште непознати.

По исклучок од ставот (2) на овој член, јавните обвинителства задолжително спроведуваат проценка и пред да се направат значителни измени на некои постојни операции на обработка на лични податоци, а кои претходно биле проверени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци.

## Член 2

При спороведувањето на проценката задолжително се применуваат чекорите пропишани во Образецот за Методологијата за спроведување на процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци:

- опис на предвидените операции на обработка и целите на обработката;
- проценка на потребата и пропорционалноста на обработката;
- проценка на ризиците за правата и слободите на субјектите на личните податоци;
- мерки предвидени за управување со ризиците и
- демонстрирање на усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

Образецот за Методологијата за спроведување на процесот на проценка на влијанието

на заштитата на личните податоци е Прилог на оваа Методологија и е нејзин составен дел.

**Член 3**

Проценката се спроведува од страна на сектор/одделение на Јавното обвинителство во чија надлежност е обработката на личните податоци. Лицата задолжени за извршување на проценката ги определува јавниот обвинител на надлежното обвинителство.

Секторот/Одделението задолжено за спроведување на проценката ги документира сите фази од спроведената проценка и за тоа изработува извештај.

Извештајот од спроведената проценка содржи: опис на процесот на обработка, внатрешни и надворешни лица вклучени во процесот на спроведување на проценката, анализа на ризик, дефинирани мерки за управување со ризикот, резиме/заклучок, акциски план, мислење на офицерот и на другите лица вклучени во процесот, одобрување на проценката од страна на јавниот обвинител или друго лице овластено од јавниот обвинител.

**Член 4**

При спроведување на проценката може да се ангажираат надворешни лица или да се побара совет или мислење од независни експерти, а според природата на технолошките и организациските решенија кои ќе се применуваат при операциите на обработка на личните податоци.

Доколку обработката на личните податоци за потребите на јавните обвинителства во целост или делумно се извршува од обработувач ангажиран од страна на Јавното обвинителство, обработувачот е должен да соработува со Јавното обвинителство во спроведувањето на проценката при што улогите, обврските и одговорностите на Јавното обвинителство и обработувачот задолжително се дефинираат со договор согласно прописите за заштита на личните податоци.

**Член 5**

Според околностите на секој конкретен случај за кој се изработува проценката, Јавното обвинителство може да побара мислење од субјектите на личните податоци или нивните претставници, преку различни средства (на пример, општа студија поврзана со целта и средствата на процесот на обработка, со поставување на прашања до претставниците на субјектите на лични податоци).

Кога конечната одлука на Јавното обвинителство се разликува од мислењето на субјектите на лични податоци, причините за продолжување или прекин на обработката на личните податоци задолжително треба да се документираат при процесот на проценката.

Кога Јавното обвинителство ќе одлучи да не бара мислење од субјектите на лични податоци (на пример: доколку со тоа би се загрозила доверливоста на постапувањето или истото е несразмерно или неизводливо), образложението за ваквата одлука треба

да се документира при процесот на проценката.

**Член 6**

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлучува дали јавното обвинителство јавно ќе го објави извештајот од извршената проценка.

Надлежното јавно обвинителство е должно да го достави извештајот од спроведената проценка на барање на Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 7**

Оваа Методологија влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Јавен обвинител
на Република Северна Македонија
**Љубомир Јовески**

**Образец за Методологијата за спроведување на процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци**

## Чекор 1. Опис на процесот, идентификување на потребата од проценка

| Систематски опис на предвидената операција за обработка и целите на обработката, вклучително и каде што е применливо, легитимниот интерес што го спроведува контролорот. |
| --- |
| |

| Да се опише природата на обработката: како ќе се собираат, користитат, чуваат и бришат податоците? Кој е изворот на податоците? Дали ќе споделувате податоци со некого? Кои видови обработка, идентификувани како веројатно висок ризик, се вклучени? |
| --- |
| |

| Да се опише опсегот на обработка: каква е природата на податоците и дали тие вклучуваат податоци од посебна категорија чие што неовластено користење преставува кривично дело? Колку податоци ќе собирате и користите? Колку често? Кое е времетраењето на чување? Колку поединци се засегнати? Кое географско подрачје опфаќа? |
| --- |
| |

| Да се опише контекстот на обработката: каква е природата на односот со поединците чии што податоци се обработуваат? Колку ќе имаат контрола? Дали тие би очекувале да се користат нивните податоци на овој начин? Дали вклучува деца или други ранливи групи? Дали имало претходни проблеми во врска со овој вид обработка или безбедносни пропусти? Дали е новина на кој било начин? Каква е моменталната состојба на технологијата во оваа област? Дали сте регистрирани на кој било одобрен кодекс на однесување или шема за сертификација? |
| --- |
| |

| Да се опишат целите на обработката: што се сака да се постигнете? Кој е наменетиот ефект врз поединците? Кои се придобивките од обработката? |
| --- |
| |

## Чекор 2. Процена на неопходноста и пропорционалноста

| Да се опишат мерките за усогласеност и пропорционалност, особено: која е законската основа за обработка? Дали обработката всушност ја постигнува целта? Дали има друг начин да се постигне истиот исход? Како ќе се спречат евентуални ситуации во кои податоците може да се користат за цел друга од она што е примарна цел на обработката „Function creep prevention"? Како ќе се обезбеди квалитет на податоците и минимизирање на податоците? Кои информации ќе им се дадат на други субјекти? Како ќе се помогне да се поддржат нивните права? Кои мерки зе преземаат за да се обезбеди усогласеност на контролорот со законската регулатива? |
|---|
| |

## Чекор 3. Идентификација и процена на ризиците и мерки за намалување на ризикот

| Да се опише изворот на ризик и природата на потенцијалното влијание врз поединците. | Веројатност на штета | Сериозност на штета | Севкупен ризик |
|---|---|---|---|
| | Слаба, можна, веројатна | Минимална, значајна, тешка | низок, среден, висок, многу висок |

## Идентификување на мерки за намалување на ризикот

| Да се идентификуваат дополнителни мерки што би можеле да се превземат за да се намалат или отстранат ризиците идентификувани како средни или високи ризици во чекор 4 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ризик | Опции за намалување или елиминација на ризикот | Ефект врз ризикот | Преостанат ризик | Мерката е одобрена |
| | | **Елиминиран**<br>**Намален**<br>**Прифатен** | **Мал Среден Висок** | **ДА/НЕ** |

## Чекор 4. Заклучоци и излезни резултати

| Предмет | Назив и датум | Забелешка |
|---|---|---|
| Мерките одобрени од: | (Јавен обвинител) | Да се интегрираат акциите во План проект, со датум и одговорност за нивно извршување. |
| Преостанат ризик одобрен од: | (Јавен обвинител) | Доколку се прифаќа преостанат висок ризик, неопходна е консултација со контролорот пред да се продолжи |
| Совет од Офицерот за заштита на личните податоци | ДА/НЕ | Офицерот треба да даде мислење во однос на чекор 5 и дали обработката може да продолжи |
| Резиме на Офицер за заштита на лични податоци совети: | | |
| Препораките на Офицерот за заштита на лични податоци прифатени или променети од: | (Јавен обвинител) | |